multi cultural communication

REVIEWED November 2004 NSWMulticulturalHealthCommunicationService

Macedonian
November 2000
BHC-5695

# Екстази - кои се ризиците

## Ecstasy - understanding the risks

Екстази е илегална дрога што ја користат некои од младите. Но, за разлика од некои од другите дроги како марихуана, хероин и кокаин, екстази не се прави од растение, туку се преработува илегално од неколку видови хемикалии.

**Што е екстази?**

Иако составните делови во екстази варираат, општо гледано таа е направена од хемикалии слични на два други типа на дроги

* амфетамини (исто така наречени „спид“) - тие се стимуланти што можат да ја зголемат енергијата и да помогнат да останете будни.
* халуциногени - тие можат да направат да гледате или да слушате работи што не се таму или да го искриват начинот на кој што ги гледате или слушате работите. На пример, некој кој што прима халуциногени, може да гледа дека чашата со кафе се движи или да мисли дека шарката на тапетите на ѕидот се мрда.

**Како се употребува екстази?**

Најчесто се голта и е во вид на мала бела или жолта таблета во разни облици и големини. Меѓутоа, некои луѓе екстази ја употребуваат со инекција.

**Какви се ефектите од екстази?**

Ефектите се разликуваат во зависност од составните делови на дрогата и од лицето кое ја употребува. Лицето може да се чувствува среќно, самоуверено и исполнето со љубов. Но, таа, исто така, може да предизвика луѓето да се чувствуваат вознемирени, параноични (да се плашат дека другите луѓе сакаат нешто лошо да им направат) и депримирани.

Краткотрајните ефекти може да бидат:

* забрзано чукање на срцето и повишен крвен притисок
* зголемена телесна температура и потење
* дехидрација - губење течности од телото
* триење на забите или стегање на вилиците
* гадење

**Колку е опасна дрогата екстази?**

Има луѓе кои умреле како резултат на лоша реакција на екстази. Иако смртните случаи не се честа појава, тешко е да се предвиди кој е изложен на ризик од оваа дрога. Некои од смртните случаи беа предизвикани од:

* Преголема загреаност на телото - комбинацијата на екстази со долготрајно танцување може да ја повиши телесната температура и да доведе до дехидрација. Оние кои што користат екстази треба да пијат 500мл вода на секој час кога танцуваат или кога се движат и 250мл на секој час ако не танцуваат.

* Премногу пиење - важно е да не се пие премногу вода одеднаш затоа што некои од смртните случаи настапиле кога преголемо количество на течност влијае на мозокот на тој начин што предизвикува кома.

Важно е да не се вози отакако некој употребил екстази и да не се користи заедно со други дроги и ако се прима со инекција, секој да користи своја игла. Оние со историја на ментална болест или фамилијарна историја на ментална болест, анксиозност, напади на паника, срцеви заболувања, висок крвен притисок, дијабетис, проблеми со црниот џигер или епилепсија не треба да користат екстази.

**Дали се создава зависност од екстази?**
Се смета дека екстази не создава физичка зависност како што тоа го прави хероинот или никотинот на пример, од кои се добиваат симптоми на откажување кога ќе се престане со примање на дрогата. Има, меѓутоа, луѓе кои стануваат психолошки зависни од екстази - што значи тешко им е да се откажат од дрогата затоа што мислат дека им треба за да можат да уживаат или за добро да се чувствуваат.

**Кои се долгорочните ефекти од екстази?**
Постојат некои докази дека екстази може да се одрази на мозокот, предизвикувајќи депресија и анксиозност (постојана загриженост). Релативно малкумина ја користат дрогата долго време, можеби затоа што ефектите на задоволство се намалуваат со долготрајната употреба.

**Дали може да се види дека лицето користи екстази?**
Затоа што ефектите од екстази (и од многу други дроги) се слични на типично пубертетско однесување (на пр: промени на расположението, спиење долго наутро), тешко е да се забележи. Родителите кои се загрижени за тоа дали нивното дете користи дроги треба да се јават кај нивниот доктор или општествениот здравствен центар за информации за службите во врска со употреба на дроги и алкохол.

**Што ако некој се разболи како резултат на употребата на екстази или некоја друга дрога?**
Ако се сомневате дека некој се разболел како резултат на употребата на екстази, повикајте брза помош веднаш (полицијата нема да дојде со брзата помош).

Ако ви треба помош да се јавите на англиски, најпрво јавете се во Службата за преведување (TIS) на 131 450.

Повеќе информации од областа на здравството на македонски можете да најдете на веб страницата на Multicultural Communication на <http://mhcs.health.nsw.gov.au>.

Телефонските броеви се точни во времето
на издавање на оваа информација,
но не се обновуваат ако дојде до промена.
Ке треба да ги проверите во
телефонскиот именик пред да се јавите.